POZNAŃSKIE STUDIA SLAWISTYCZNE
PSS NR 14/2018 ISSN 2084-3011
**DOI: 10.14746/pss.2018.14.2**

Data przesłania tekstu do redakcji: 14.02.2017
Data przyjęcia tekstu do druku: 04.09.2017

Емилија Црвенковска
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
emilija@ukim.edu.mk

# Нови, ретки и словенизирани грцизми и нивната улога во локализацијата на црковнословенските текстови

Abstract: Crvenkovska Emilija, *Novi, retki i slovenizirani grcizmi i nivnata uloga vo lokalizacijata na crkovnoslovenskite tekstovi* (New, Rare and Slavonized Graecisms and Their Role in Localization of Church Slavonic Texts). “Poznańskie Studia Slawistyczne” 14. Poznań 2018. Publishing House of the Poznań Society for the Advancement of the Arts and Sciences, pp. 37–51. ISSN 2084-3011.

The paper provides overview of the destiny of some Old Church Slavonic/Church Slavonic manuscripts, as well as the issues related to their time and spatial localization. Special attention has been paid to the role of loanwords in localization of these texts, taking into consideration the different Slavonic and Non-Slavonic contact zones. In addition, the paper elaborates on some rare, new and Slavonized graecisms, entered after the return of the Church Slavonic literature at the Slavonic South, in Slavonic-Greek contact zone. This lexis can be usually found in hymnographic texts, in prophetologion, as well as in the commented psalter. Analysis of many properties shows that Slavonic translations or later redactions of these texts are created at the Ohrid Literary School, i.e. at the Slavonic southwest areal. Several graecisms which became part of the spoken and dialect language contribute to more precise localization. The question remains how certain graecisms can contribute to more precise localization of Church Slavonic texts, considering the fact that a certain lexical layer can originate from the archetype or from the protograph. It is possible that the lexical elements can be a result of the latter redaction.

Keywords: Old Church Slavonic; Manuscripts; Greek loanwords; Localization; Ohrid Literary School; Clement of Ohrid; Macedonian redaction

## 1. Увод

Словенските книги, преведени и оригинални, ја збогатувале европската културна историја. Со појавата на старословенскиот јазик во Европа се создавал трет културен макроареал (Толстой, 1998, 33). Судбината на овие книги е необична од повеќе аспекти. Така, од една

страна, од постанокот на првите словенски книги (IX век) до најстарите денес сочувани текстови поминал еден век. Од друга страна, релативно долго време поминало од нивниот настанок до нивниот влез во фокусот на истражувачите. Тоа се должи на фактот што славистиката како наука доцна се развила, но и поради тоа што овие ракописи, додека не биле откриени, лежеле расфрлани во различни збирки по светот. Во времето кога рускиот учен Виктор Иванович Григорович патувал по Балканот, во средината на XIX век, во својот „Очерк...“ (1877) ги споменува дотогаш откриените старословенски глаголски текстови: еден во Ватикан (Асеманово евангелие), друг во Тридент кај грофот Клоц (Клоцовиот зборник), а и тој самиот имал среќа на Св. Гора да го види третиот (Зографското евангелие[1]), па соопштува и дека таму нашол уште еден кодекс (Мариинското евангелие) којшто во себе содржел сличности со Ватиканскиот (Асем). Тогаш тие четири ракописи биле единствени познати старословенски глаголски ракописи во Европа (Григорович, 1852, 62). Подоцна, во неколку наврати, се откривани старословенски ракописи во манастирт Св. Катерина на Синај[2], како и во други поголеми ракописни збирки. Ги споменуваме на ова место глаголските ракописи, зашто токму македонската црковнословенска традиција, формирана пред сè во рамките на Климентовата Охридска книжевна школа, се надоврзува на архаичните традиции на кирилометодиевската писменост. Она што претставува особеност на Климентовиот корпус, подоцна се забележува и во кирилските црковнословенски текстови.

## 2. Околу локализацијата на ракописите

Фактот дека книгите спаѓаат во подвижно културно наследство го отежнува откривањето на местото на нивното настанување, особено во векови што се зад нас. Тие биле разнесувани по различни

---

[1] Овој ракопис прв го забележал австрискиот конзул во Солун А. Михановиќ при своето патешествие на Св. Гора во 1843 год. (Григорович, 1877, 58).

[2] Збирката од Синајскиот манастир заедно со глаголските кодекси најдени во Ерусалим (Асем и Киев) сочинува две третини од старословенските глаголски ракописи и претставува најголема таква збирка во светот (Šimić, 2000, 223).

книгохранилишта, на различни начини и по различни патишта. Наспроти ограничениот број на старословенски ракописи, оние што се настанати до XII век, бројот на црковнословенски ракописи, односно на одделните редакции на црковнословенскиот е неизмерлив. Низа од црковнословенските ракописи кои денес се наоѓаат по разни библиотеки и архиви патувале по различни патишта, понекогаш и разделени на повеќе делови[3].

Одговорот на прашањата кој, кога и каде ги пишувал книгите претставува комплексна задача кога се работи за црковнословенската писменост. Црковнословенските ракописи се најчесто анонимни, само во ретки случаи го содржат името на писарот. Овие текстови многу ретко се датирани, а меѓу најстарите датирани јужнословенски ракописи спаѓа Мирославовото евангелие од српска редакција од 1180–1190 год. Најстар јужнословенски ракопис во којшто се укажува и на времето и на местото на неговиот настанок е Болоњскиот псалтир од Охридската книжевна школа во којшто на л. 127v во запис стои: помѣни г‹оспод›и раба своıа иѡсифа и тихотѫ, съѱавша книгы сиѭ съ б‹о›жиѭ помощиѭ и сватѫѩ б‹огороди›цѫ присnодѣвѫ мариѭ. писашѫ же са въ охридѣ градѣ, въ селѣ рекомымъ равnе при ц‹а›ри асѣnи българъскымъ, од којшто се дознава дека бил напишан во градот Охрид, во селото наречено Рамне и точно во кое време[4].

За да се открие повеќе за судбината на словенските ракописи од почетоците на писменоста потребни се анализи на повеќе рамништа. За тоа помагаат како јазичните, така и вонјазичните (историски, културни, кодиколошки, литургиски и др.) фактори.

Во одделни славистички традиции се користат различни термини за именувањето на јазикот на словенската писменост во однос на дијахрониската перспектива. При периодизацијата на развитокот

---

[3] Таква судбина има, на пр., Добромировото евангелие кое денес се чува во три ракописни збирки, разделено на неколку дела: основниот дел од 183 пергаментни листа и 14 листа од хартија со писмо од XIV век се наоѓа во Руската национална библиотека во Санкт Петербург (Q. п. I. 55); вториот дел од 23 пергаментни листа (MS 43/O) е составен дел на старата синајска збирка; третиот дел што се состои од два листа (Slav. 65) е во Париската национална библиотека (Станчев, 1981) и четвртиот дел што се состои од 9 синајски листа (MS 7/N) се чува во манастирот Св. Катерина на Синај (Tarnanidis, 1988).

[4] Се однесува на бугарскиот цар Иван Асен II кој царувал од 1230–1241 год.

на старословенскиот (општословенскиот) книжевен јазик Толстој (Толстой, 1998) изделува три периоди: старословенски, црковнословенски и новоцрковнословенски, па така го прифаќаме и дефинирањето на старословенскиот како најстара развојна фаза на првиот книжевен јазик на Словените, односно периодот од IX до XII век. Потоа настапува црковнословенскиот период со одделни редакции во кои се одразени локалните јазични карактеристики, кои внесуваат територијално раслојување на црковнословенскиот јазик. Црковнословенските ракописи, по заедничкиот општословенски или старословенски период кога во нив се јавувале незначителни разлики, од XII век почнале да добиваат локални обележја внесувани од говорот на писарите или од предлошките од коишто препишувале. Најчесто фактори за локализација на текстовите се нивните јазични особености што можат да нѐ упатат на некоја поширока или потесна дијалектна област. Така некои промени, пред сѐ на фонолошко, правописно, но и на морфолошко рамниште, укажуваат на просторот каде што се настанати. Некогаш графичко-ортографските аномалии укажуваат на влијание на протографот, но не и на архетипот и поради тоа означуваат локализација не на првичната, но на најблиската претходна алка во низата на традицијата на текстот (Кривко, 2015, 198). Специфичната лексика во текстовите исто така може да придонесе за нивна приближна локализација.

## 3. Заемки

Словенските ракописи се настанати во повеќе словенско-несловенски контактни зони што се одразило и во нивната лексика[5]. Заемките до некаде може да послужат за локализацијата на ракописите. Така, на пример, за моравската фаза од писменоста карактеристични се заемки-калки од латинскиот: вьсємогꙑ, оваа форма е калкирана од

---

[5] 5 Во овој труд се користени изданија на повеќе текстови од македонската редакција на црковнословенскиот (Јагиќ, 1992; Макаријоска, Црвенковска, 2012; Цубалевска, 2009; Цубалевска, Макаријоска, 2013; Црвенковска, Макаријоска, 2010), како и картотеката на Одделението за историја во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, за што ја изразувам својата благодарност.

латинската omnipotens (Večerka, 1984, 216) за разлика од вообичаениот превод на грч. παντοκράτωρ со слов. вьсєдрьжитєль, нєдѣлѣ цвѣтныꙗ според лат. dominica florum наспрема грч. κυριακή τῶν βαΐων (Mareš, 1956, 258–259), од готскиот или старовисоконемскиот: врътоградъ, милосрьдъ и сл. Во руската писменост како источнословенски регионализми се сметаат прибалтиско-фински, скандинавски, ирански, монголски, турски и грчки заемки, непознати во јужнословенските јазици (Пичхадзе, 2011, 85), односно тука се одразени контактните зони на рускиот со несловенските јазици.

Сите редакции на црковнословенскиот ги карактеризираат грцизми, за што ќе стане збор подолу. Но, јужнословенската писменост ја карактеризираат и разговорни грцизми карактеристични за разговорниот јазик, нови грчки заемки незастапени во канонските текстови, а во химнографијата е изразено присуството на литургиски грцизми.

Се разбира дека преку циркулирањето на ракописите различни заемки навлегувале и на поширокиот простор на словенскиот јазичен ареал, па тогаш во некои случаи начинот на фонетската адаптација на заемките можел да помогне во нивната локализација. Така, на пр., грчкото θ во јужнословенските текстови се адаптира како т, додека во руската црковнословенска писменост се регистрирани форми со ѳ како замена за овој грчки глас: тома – ѳома; грчката β вообичаено во текстовите преземени од византискогрчки се предава со в, додека во оние текстови што се со латинско посредништво се предава со б: авраамъ, вавилонъ – абраамъ, бабилонъ. Адаптацијата на древноскандинавски заемки како skillingr (Фасмер, IV, 508) во некои древноруски текстови добива лик щьлꙗгъ, додека во старословенските и во јужнословенските текстови се јавува со палатализација: скьлѧѕь, стьлѧѕь (Пичхадзе, 2011, 90).

## 3.1. Грцизми

### 3.1.1.Нови и ретки грцизми во црковнословенските текстови

Уште во најстарата фаза на писменоста во словенските текстови е присутен огромен број на грчки заемки од разбирливи причини што

преводите на библиските книги биле правени од грчки на словенски, а и повеќето од преводите се настанати во контактната словенско-грчка зона.

Најголемиот дел од овие грцизми се однесуваат на христијански поими, тука се вклучени како религиска, така и световна лексика, основните христијански поими, административни и црковни должности, лични имиња, имиња на свештенство и сл. (Moszyński, 1978, 68–69). За одбележување е дека во јужнословенските преводи настанати во црковнословенскиот период (од XII век натаму) се среќаваат и такви грцизми што воопшто не се познати во канонските текстови. Особено е голем бројот на нови грцизми во химнографските текстови. Педесетина вакви примери се присутни во триодите: агонисати, акатисто, аколоутиꙗ, алекторь, алоуменa, *аналоги [алоги], анатоликꙑи, аподипна/аподипно, врахиѡнъ, дефтеромиꙗ, єксапсалмъ, єрмосъ/ирмосъ, икосъ, илиополь, ипакои, камиль, канонъ,ката, каѳиꙁма/катиꙁма, келиꙗ, кондакъ, красоволь, кратирь, крипида, кѵпарисъ, кѵръ, метаниє /метаниꙗ, метимонъ, милоть, нафта, ортиꙗ, оти, патисати, просфоура, проскомидиꙗ, профитиꙗ, пѧтикости, салпигъ, стилъ, стихологисати, оупатъ, оутросъ, ѳелонъ/телонъ, ѳеотокион/теотокионъ и др. (Русек, 1969, 173–175). Нови грцизми се јавуваат и во преводот на паримејникот, настанат во рамките на великоморавската мисија, но веројатно ревидиран на македонска почва: акровоустиꙗ, акрогонии, арма, артава, аспалътъ, гнафеовъ, єпавль, илектръ, кедръ, кратиръ, нафьта, олокавътось, олокавътосьнъ, олокарпось, ѡріѡні, патрахъ, певькъ, плинътъ, пластꙑрь, самъвоукиꙗ, скѵмьнъ, соумѳониꙗ, соурингa, сѣрь, теровъ, трьстаті, тьрниѳъ, ѵпатъ, (Bláhová, 1997, 350–362).

Бројот на грцизмите по одделни канонски ракописи, нивната адаптација (фонетска и морфолошка), калкирањето на сложенките по грчки модел и сл. веќе биле предмет на интерес на повеќе истражувачи. Но, како што се пристапува кон анализа на жанровски разнородни текстови од одделни редакции на црковнословенскиот се откриваат и нови грцизми, како и разни проблеми поврзани со третирањето или разбирањето на грцизмите од страна на словенските преведувачи (Йовчева, 2013).

Односот кон грцизмите зависел од разни фактори меѓу кои се изделува и жанровската припадност на текстовите, па така некои

специфични термини се карактеристични за литургиските текстови, а пак паралелната употреба на словенски и грчки соодветници честопати била наложена и од стилистички причини.

Голем дел од грцизмите биле усвојувани и по устен пат (Йовчева, 2013). Примерите во коишто грцизми се среќаваат во записите на некои ракописи[6] укажуваат на фактот дека писарите слободно го користеле грчкиот јазик и дека дел од оваа лексика бил навлезен во разговорниот јазик на населението. Во типикарските белешки на некои ракописи застапени се и два службени збора: ката и оти коишто не биле дел од книжевниот јазик туку биле во дијалектна употреба и денес се раширени на широкиот ареал на балканските јазици (Budziszewska, 1983, 80, 122).

## 3.1.2. Литургиски грцизми

Литургиските грцизми најчесто се застапени во химнографските текстови (Пентковская, 2004, 2006; Пентковский, 2001; Crvenkovska, 2015), голем дел од нив се сосема непознати за канонските ракописи (Русек 1969, 173–175; Crvenkovska, 2015).

Особено место во богослужбената лексика заземаат литургиските грцизми, имаат одделно место во теолошкиот лексикон, а нивната употреба е типична за јужнословенските преводи на литургиските книги. Ваквите грцизми се карактеристични за ракописите од Охридската книжевна школа (Пентковская, 2006, 398), земјаќи го предвид фактот дека најголем дел словенската химнографија бил направен во Климентовата школа. По доаѓањето во Македонија, Климент продолжил да работи врз создавање на словенска литургиска литература, го дооформил корпусот на книги по византиски (источен) обред којшто ги содржел неопходните текстови за манастирската литургиска практика што се одвива секојдневно и во течение на целата црковна година (Темчин, 2004).

Најчесто овие термини се среќаваат во типикарските белешки (Йовчева, 2013, 260). Во охридските текстови грцизмите (особено

[6] На пр. во Бит: и ꙗзь **ꙗгонисаꙁх›** писаті до‹г›дє ми нєвоꙁьмѫть триѡ‹д›54r; како **патиса‹х›** нощиѫ пишѫщє 28r.

литургиски) се употребувале свесно бидејќи тие биле дел од нормата на грчкото богослужење коешто влијаело врз словенското. Во низа примери писарите се труделе да најдат словенски еквиваленти за овие грчки термини. Овде се наведени грцизми што ги нема во старословенските текстови или евентуално имаат само по една потврда, како што е тоа случајот со **єнкєниꙗ** потврдено само во Мар. Во низата такви грцизми се оние поврзани со богослужбата: **акатисто** ἀκάθιστος, акаѳ‹и›сто 91v Бит, 91r Шаф – **нєсѣдѣльнъ**, слоу‹ж›ба нєсѣдѣлна 110r Заг, во други текстови се потврдени и еквивалентите **нєсѣдальнъ, нєсѣдальнъ, нєсѣданиє, нєсѣдомъ, нєсѣдѣльнъ** (РЦЈМР, 2006, 242; Макаријоска, Црвенковска, 2012, 74, бел. 32); **аколоутиꙗ** ἀκολουθία, (ак)олѹѳиѫ 91r Бит – **слоужьба**, Триод[7], слоу‹ж›ба 110r Заг, **и сиѫ слоуж‹бѫ› поєт сѧ** 212d Орб, **слоуж‹ба› праꙁ‹никоу›** 235b Орб; **анатоликъıи** ἀνατολικόν, анатоликъıи 41r Бит (Пентковская, 2004, 238) – **въстоучно, вьстоучна** (РЦЈМР, 2016, 361–362), **на стих‹овно› ст‹и›х‹и›ры встⷪ҇ны** 21v Хлуд, **ст‹и›х‹и›ра вьстоу‹ны› гл‹а›с** 18a Орб, **на с‹ти›х‹овно› вь҇ г‹ла›с‹ь›; а҃;** 131c Орб, въстоучно вь Шаф, въстⷪ҇ 3r Бит и др. примери; **єнкєниꙗ**[8] ἐγκαίνια, єнкєниѣ J 10, 22 Мар – **свaштєниє**, свaш‹тє›ниѣ Зогр, Асем; **каѳиꙁма, катиꙁма** κάθισμα, 10v Бит, 65r Заг, 25c, 79b Орб, каѳ‹иꙁма› 12v, каѳ‹иꙁма› 15r, 174r, каѳ‹иꙁмѣ› 7r, 9v, 163r, каѳ‹исмѫ› 148v Хлуд – **сѣдильна**, сѣд‹илна› 27v Заг, сѣд‹илна› 19v, 21v, 35r Шаф, сѣд‹алєн› 235b Орб; **мєтаниє, мєтаниѩ** μετάνοια, 14c, 25c, 25c Орб, мєтаниа 96r Хлуд – **поклонєниє** Триод, иконьноє поклонєниє 11r Бит, поклонєниє 106r, 14v, 46v 52v, поклонєниємъ 45v Шаф, кр‹ь›стнаго поклонєниѩ 34b Орб, иконноє поклонєниє 44c, поклонєнию 77b Орб, поклонєниє 12v, 13v, 15r, 15v, 18r Хлуд; **просфоура, просфора** προσφορά, Супр, по єдинои посфоурѣ 25b тип Орб – **приношєниє** приношєниє 128a Орб, приношєниꙗ 205a Орб, приношєниє 172v, 191r, 57r Хлуд, приношєниа 94v Шаф; **ѳєотокионъ**, тєотокионъ θεοτόκιον, 65v Заг, 34r Шаф, 11r, 13v, 144v Хлуд – **богородичьнъ, богородичьно** Слеп Псалт Триод Втш (РЦЈМР, 2006, 468).

Еден дел од грцизмите се однесуваат на објекти што се поврзани со богослужбата: ***аналоги**[алоги] ἀναλόγιον, на алоги (sic!) 83a

[7] Триод = означува дека зборот се јавува во следниве 5 триоди: Бит, Шаф, Заг, Орб, Хлуд (сп.Макаријоска, Црвенковска, 2012, 127–216).

[8] Во оригиналниот текст на Дбм, коешто е пишувано во Јужна Македонија, стоело веројатно єнкєниѣ, но на истругалото место од понова рака е напишано свⷭ҇щєниа, тоа е обичниот превод од којшто отстапува поновлєниꙗ Трнов (Јагиќ, 1992, 97).

Орб; предмети поврзани со монашката трпеза: **красовоуль/красоволь** κρασοβόλιον, (κρασή), по красоволю 25c типОрб (3x) – **чаша**, по единои чаши 25b Орб.

Некои од овие литургиски грцизми се специфични за поранатa словенска теолошка традиција (Пентковская, 2006, 399): **аподипна**[9]**/аподипно** ἀπόδειπνον, на аподипнѣ 130r Заг, аподипна клепемь за годь 26a типОрб, аподипно 108d типОрб, поем‹ь› аподипно 180r типХлуд – **навечерие** вь навеч‹е›рие 17r типШаф, 25c Орб, навечерие 180v, 187v, наве-ч‹е›рие 189v Хлуд; **ортиꙗ**[10]όρτή, ἑορτή, ωртиꙗ 25c типОрб, 25d типОрб – **праздьникъ** Триод: свѣтоносны празникь 208c Орб; **профитиꙗ** προφητεία, профитиѫ 20a, 36a Арг, се наоѓаат во словенскиот превод на Ерусалимскиот устав (Пентковская, 2006, 399), во Заг, Орб, во литургиските рубрики од Охр: профитии 68v, въ профити 75v – **пророучьство** пророучьство пр‹о›р‹о›чства 82r Бит, пр‹о›р‹о›чьства 83v Шаф, прор‹о›чства 114v, 116r, 117r Хлуд, а некои други се застапени во Хиландарскиот устав: красоволь, крипида; **стихологисати** στιχολογεῖν, не стихол‹о›гисам‹ь› 91v Бит, нестихологисамь 89v Заг, ст‹и›х‹о›л‹огисам› 25c Орб, стихологисаме 90a Хлуд. Сепак во пораширена употреба се словенските еквиваленти.

### 3.1.3. Лексика во ретка употреба

Дел од оваа лексика е во многу ретка употреба во други ракописи и најчесто не е регистрирана во старословенските/ црковнословенските речници:

**алоумена, алоумени**, вода алоумена ὕδωρ ἀλλόμενον, водꙑ аломенꙑ 144v Шаф,154v Хлуд, води алалсменꙑ (!) 190r Заг – водꙑ насыщѫ та текѫщѫ 231a Орб, **дефтеромиꙗ** δευτερονόμιον, отъ дефтеромиѫ Хлуд

[9] Овој грцизам е регистриран во некои јужнословенски преводи на Ерусалимскиот типик (Slav 13), BAN (Пентковская, 2006, 399). Во почеста употреба е словенскиот еквивалент.

[10] Во некои македонски говори се среќава и денес лексемата ортија ‘мажи кои одат на гости по црковна линија на религиозни празници меѓу две села’: „Едоарце прави ортија со каурска Џепчишта, ги чека на Врачеј и Крстовден“ (Тасевски, 1952, 169; Аргировски, 1998, 200). Оваа лексема е регистрирана и во Типиконот на Јоан Пателариски (Пентковский, 2001, 88).

– отъ втораго закона 143r Лобк; ексапсалмъ ἐξαπσαλμός[11], и речем ексапсалмы 49а Хлуд - шестопсалъмие 174а Орб, 105r, 180r Хлуд; телонъ/ѳелонъ τελώνης, закьхеи телонь 70v Бит, закхеи ѳелонъ 85r Шаф, телона 110v Заг, ѳелоноу 3а Орб, телон‹оу› 3b Орб, но и: закхеи мытарь 117d Орб.

Меѓу поновите грцизми што се среќаваат во македонските црковнословенски текстови се оние застапени во минејот: канонархъ[12] 94c Втш, κανονάρχης, катавасиꙗ 10b, 10c, 19a, 3b, 4a Втш, – κατάβασις, макелиꙗ 71c Втш μάκελλον (Макаријоска, 2009, 154), како и неколку понови грцизми во словенскиот превод на коментарот кон псалтирот: метафрена μετάφρενα[13] комПсалт 90, 4 Бон, Пог, фалакрома комПсалт 41, Пог, Бон (Рибарова, 2005, 49–50), ѡртогомитра ὀρτυγομήτρα во Пс 104,40 Дчн (Рибарова, 2005, 143), ортугомитра 77, 27 Пог (Цубалевска, Макаријоска, 2013, 113). Неколку понови грцизми се среќаваат и во паримејниот текст на некои триоди, како на пр. во Орб и во Хлуд; врахионъ[14] Јоб 38, 15 'рака, рамо' наместо мъıшьца во Григ, Лобк, како и: смидаль σεμίδαλις[15] Ис 1, 13 Орб, Хлуд, и стилъ Гн 31, 13 Орб, непознати во други преводи на паримејникот (Рибарова, 2005, 188).

Лексемите метафрена, фалакрома, ѡртогомитра и смидаль се среќаваат и во некои хрватскоглаголски текстови. Првите три се употребуваат во Фра, единствениот потполн текст на коментиран псалтир од византиски тип во хрватскоглаголската традиција. Фра се приближува по структурата кон Бон и Пог настанати во Македонија (Grabar, 1985, 82). Грцизмот смидаль е регистриран во БрВО: semidala 227d[16] (Mihaljević, 1997, 121). Се претпоставува дека една од предлошките на овој бревијар бил кодекс препишан од македонска предлошка (Mihaljević, 1997, 129). Ова укажува на патот на движење на ракописите и потврдува дека овие текстови во хрватскоглаголската писменост

[11] Се среќава и во Slav 13 (Пентковская, 2006, 402).

[12] Истава лексема е регистрирана и во Синајскиот патерик (Moszyński, 1978, 69).

[13] Се предава со междоуплещие во комПсалт, междоурамие во Псалт комПсалт, плеще Псалт, рамо комПсалт (РГЦЛП, 2003, 307).

[14] Овој грцизам е навлезен од јужномакедонските области со силно грчко влијание (Ribarova, 2008, 501).

[15] Го бележи речникот на Миклошич, како и СПт (Moszyński, 1978, 73)

[16] „…u Brevijaru Vida Omišljanina pojavljuju se i grčke riječi kojih nema u drugim kodeksima…" (Mihaljević, 1997, 121).

се дојдени по „јужниот пат“, најчесто од Климентовата Охридска школа.

Наведените нови и ретки грцизми припаѓаат на химнографските текстови, на коментарот кон псалтирот и паримејникот[17]. Тому овие жанрови се тесно поврзани со југозападниот дел на Македонија и територијата на дејноста на Климентовата школа.

### 3.2. Словенизирани грцизми

Преведувајќи од грчки на словенски преведувачите биле исправени пред низа проблеми кои понекогаш доведувале до погрешно разбирање или слушање на определен збор, бидејќи голем дел од текстовите се пишувани по диктат, а со преведувањето текстовите се преместувале во друга културна средина[18] (Толстой, 1998, 40). Така доаѓало и до преосмислување, односно до словенизирање на некои грцизми, најчесто поради фонетски сличности кај определени грчки и словенски зборови[19].

Слов. **порода** одговара на грч. παράδεισος: **имже кр‹с›ть ѿврьзаеть породѫ постником даѫ** 52v Бит[20]. Оваа лексема, изведена од коренот **род-** под влијание на фонетска сличност со грчкиот, припаѓа кон најстариот слој словенизирани грчки лексеми, од старословенските ракописи го бележи само Супрасалскиот зборник, а се среќава и во СПт (Moszyński, 1978, 70), како и во хрватскоглаголскиот Пазински фрагмент Е[21] (Mihaljević,

---

[17] Повеќе примери за грцизмите во паримејникот се наведени кај Bláhová, 1997.

[18] Еден ваков пример на осмислена и добро мотивирана замена се гледа во примерот од Дбм J IX 48 каде што формата римлѣне е заменета со грьци: и пришетьше грьци возьмѫт и мѣсто и ѩзыкь, што можела да биде направена во средина на контакт со грчкото население (Конески, 1976, 21).

[19] На тој начин се преосмислило писало по аналогија со грч. ψαλμός: и напиши вь немь писалωм ч‹л›‹о›в‹ѣ›чьскимь еже скоро плѣненїе сьтворити користем настоит бо Is 8,1. 97а Втш (Цубалевска, 2009, 150).

[20] Примерот е даден според Поп-Атанасова, 1995, 159.

[21] „…o makedonskom podrijetlu teksta svijedoče i imenice *peĉera* i *poroda* koje se u paleoslavistci obično uvrštavaju među tzv. preslavizme…Obije se u hrvatskoglagoljskim spomenicima pojavljuju samo u tekstovima za koje je utvrđeno da su došli s jugoistoka iz Makedonije“ (Mihaljević, 2016, 144).

2016, 144). За преведувањето на грч. παράδεισος вообичаен превод во старословенскиот е лексемата ραи во Зогр, Мар, Асем и др., а во црковнословенските текстови се среќаваат и други преводни еквиваленти: врътоградъ, миръ, покои, садъ, царьствие (РГЦЛП, 2003, 351).

Во Дбм се забележува преосмислување на изразот дъвѣ лептѣ во дьвѣ лапьцѣ 258. Погрешно напишаниот збор е сепак правилно фонетско и морфолошко образување. Преведувачот грч. λεπτόν го сфатил како зборот лапка којшто му бил познат во говорот. Во Костурско и Корчанско е и денеска познат зборот *лапка*[22] со значење ‘јаболко’ (Конески, 1976, 21).

## 4. Заклучок

Новите, ретки и словенизирани грцизми укажуваат на текстовите настанати по враќањето на црковнословенската писменост на словенскиот југ, во контактната словенско-грчка зона. Овие грцизми најчесто се јавувале во химнографските текстови и во коментираниот псалтир, чии што словенски превод се поврзува со дејноста на Климентовата школа на словенскиот југозападен ареал, како и во паримејникот чиишто великоморавски превод таму претрпел редактирање. За попрецизно локализирање укажуваат и некои грцизми што станале дел од разговорниот и од дијалектниот јазик во определена средина.

На крајот, сепак останува отворено прашањето колку определени грцизми можат да придонесат во попрецизно локализирање на црковнословенските текстови, зашто не секогаш е јасно дали определен лексички слој е навлезен од архетипот, првичниот превод од којшто текстот можел да биде оддалечен и неколку века или пак од протографот од којшто е препишуван некој текст или првично бил присутен во самиот тој текст. Можно е лексичките елементи да се резултат и на подоцнежно редактирање.

---

[22] Зборот *лапка* со споменатото значење е сочуван во говорот на македонските преселници (преселени околу 1924 год.) во Турција, односно население од селата Жервен, Сервич (Сорович) меѓу Лерин и Воден и од Забордено, сите во егејскиот дел од Македонија, кои денес живеат во с. Мустафа Паша околу Синасон и во Угруп во Кападокија (Црвенковска, 2012, 89–90).

## Кратенки

Арг – Аргиров триод; Асем – Асеманово евангелие; Бит – Битолски триод; Бон – Болоњски псалтир; Верк – Верковичев апостол; Втш – Ваташки минеј; Григ – Григоровичев паримејник; Дбм – Добромирово евангелие; Дчн – Дечански псалтир; Заг– Загрепски триод; Јов – Евангелие на поп Јован; Карп – Карпински апостол; Киев – Киевски мисал; Крат – Кратовско евангелие; Лобк – Лобковски паримејник; Мар – Мариинско евангелие; Охр – Охридски апостол; пар – паримејник; Пог – Погодинов псалтир; Слеп – Слепченски апостол; СПт – Синајски патерик; Стр – Струмички (Македонски) апостол; Супр – Супрасалски зборник; тип – Типик; Трнов – Трновско евангелие; Фра – Фрашкиќев псалтир; Хлуд – Хлудов триод; Шаф – Шафариков триод.

## Литература

Аргировски, М. (1998). *Грцизмите во македонскиот јазик*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Григорович, В.И. (1852). *Статьи, касающиеся древнего славянского языка*. Казань: типография Императорского Казанского университета.

Григорович, В.И. (1877). *Очеркъ путешествія по европейской Турции*. Москва: Типографія М.Н. Лаврова.

Йовчева, М. (2013). *Късните гръцки заемки в преводите на преславските книжовници. Международна научна конференција „Културният диалог между Изтока и Запада“,* София, „Годишник на Софийския университет »Св. Климент Охридски«“, том 98(17), стр. 259–273.

Јагиќ, В. (1992). *Добромирово евангелие* II. Ур. Р. Угринова-Скаловска, В. Десподова. Скопје–Прилеп: Матица македонска.

Конески, Б. (1976). *Што дава Добромировото евангелие за историјата на македонскиот јазик*. „Годишен зборник на Филолошкиот факултет“, т. 2, стр. 13–22.

Кривко, Р.Н. (2015). *Очерки языка древних церковнославянских рукописей*. Москва: Институт славяноведения РАН.

Макаријоска, Л. (2009). *Студии од историското зборообразување*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Макаријоска, Л., Црвенковска, Е. (2012). *Шафариков триод. Лингвистичка анализа*. Скопје: Борографика.

Пентковская, Т. (2004). *Переводы византийско-славянской контактной зоны XIII–XIV вв.: литургическая терминология*. Во: *Преводите през XIV столетие на Балканите*. Ред. Л.Тасева и др. София: ГорексПрес, стр. 235–248.

Пентковская, Т. (2006). *Ранние южнославянские переводы Иерусалимского типикона: особенности лексико-грамматической нормы*. Во: *Многократните преводи в Южнославянското средновековие*. Ред. Л. Тасева и др. София: ГорексПрес, стр. 397–418.

Пентковский, А.М. (2001). *Литургическая терминология в византийско-славянской контактной зоне*. Во: *Становление славянского мира и Византия в эпоху раннего средневековья*. Москва: Институт Славяноведения РАН, стр. 87–90.

Пичхадзе, А.А. (2011). *Переводческая деятельность в домонгольской Руси*. Москва: Рукописные Памятники Древней Руси.

Поп-Атанасова, С. (1995). *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

РГЦЛП (2003). *Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели*. Ред. М. Аргировски. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Рибарова, З. (2005). *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Русек, Й. (1969). *Из лексиката на среднобългарските триоди*. „Известия на Института за Български език“, кн. XVII, стр. 149–180.

РЦЈМР – *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*. Гл. ур. З. Рибарова, ред. Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска. Т. I. Вовед, а-б, Скопје 2006. Т. II, св. 8-9, Скопје 2008, св. 10, Скопје 2009, св. 11, Скопје 2013, св. 12, Скопје 2016 →, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Срезневский, И.И. (1893). *Материалы для словаря древнерусского языка*, I–III, Санктпетербургъ: Издательство Отделения русского языка и словесности Императорской академии наук.

Станчев, К. (1981). *Неизвестные и малоизвестные болгарские рукописи в Париже*. „Старобългаристика“, кн. 5, бр. 3, стр. 85–91.

Тасевски, Ј. (1952). *Зборови од тетовскиот говор (с. Једоарце)*. „Македонски јазик“, III, бр. 7, стр. 169–172.

Темчин, С.Ю. (2004). *Этапы становления славянской гимнографии (863-около 1097 года)*. Во: *Славянский мир между Римом и Константинополем*. Ред. Б.Н. Флоря. Москва: Институт славяноведения РАН, стр. 53–94.

Толстой, Н.И. (1998). *Избранные труды*. Том II: *Славянская литературно-языковая ситуация*. Москва: Издательство „Языки русской культуры“.

Фасмер, М. (1986–1987). *Этимологический словарь русского языка*. Т. I–IV. Москва: Прогресс.

Цейтлин, Р.М., Вечерка, В., Благова, Э. (ред.) (1994). *Старославянский словар*. Москва: Русский язык.

Црвенковска, Е. (2012). *Значењето на Добромировото евангелие за историјата на македонскиот јазик*. Во: *Меѓународен научен симпозиум Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, стр. 85–94.

Црвенковска, Е., Макаријоска, Л. (2010). *Орбелски триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Цубалевска, М. (2009). *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката)*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Цубалевска, М., Макаријоска, Л. (2013). *Лексиката на коментарот кон Погодиновиот псалтир*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Bláhová, E. (1997). *Griechische Lehnwörter in altkirchenslawischen Parömienbuch*. „Byzantinoslavica“, бр. 58(2), стр. 350–362.

Budziszewska, W. (1983). *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej*. Warszawa: Wydawnictwo Uniwersytetu Warszawskiego.

Crvenkovska, E. (2015). *Greek Loanwords in South Slavonic Translations of Triodion*. Во: *International Scientific Conference Cyril and Methodius: Byzantium and the World of the Slavs*. Thessaloniki: Δημοσ Θεσσαλονικησ, стр. 295–303.

Grabar, B. (1985). *Osobitosti grafije i jezika glagoljskog Fraščićeva psaltira*. Во: *Litterae slavicae medii aevi F.V. Marešsexagenario oblatae*. Ур. J. Reinhart. Munich: Sagner, стр. 75–96.

Mareš, F.V. (1956). *Nedělja cvětnaja (Květná neděle – „Dominica in palmis“)*. „Slavia“, бр. 25, стр. 258–259.

Mihaljević, M. (1997). *Jezična slojevitost Brevijara Vida Omišljanina iz 1396. Godine*. „Filologija“, бр. 29, стр. 119–138.

Mihaljević, M. (2016). *Prednja strana hrvatskoglagoljskoga Pazinskog fragmenta E*. Во: *Зборник во чест на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска по повод деведесетгодишнината од раѓањето*. Ур. Е. Црвенковска. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 139–148.

Miklosich, F. (1863–1865). *Lexicon Palaeoslovenico – Graeco – Latinum.* Emendatum auctum. repr. Wiena: Scientia Verlag (1963).

Moszyński, L. (1978). *Grecyzmy w Pateryku synajskim*. „Slovo“, бр. 28, стр. 67–76.

Ribarova, Z. (2008). *Slovní zásoba parimejníku v makedonském církevněslovanském slovníku*. „Slovo“, бр. 56–57, стр. 497–506.

Kurz, J., Hauptová, Z. (ур.) (1966–1997). *Slovník jazyka staroslověnského*, I–IV. Praha: Nakladatelství Československé akademie věd.

Šimić, M. (2000). *Francisci V. Mareš: Psalterii Sinaitici pars nova (monasterii s. Catharinae Codex slav. 2/N0 ad editionem praeparaverunt)*. „Slovo“, бр. 50, стр. 222–
–225.

Tarnanidis, I. (1988). *The Slavonic Manuscripts discovered in 1975 at St Catherine's Monastery on Mount Sinai*. Thessaloniki: Hellenic Association for Slavic Studies.

Večerka, R. (1984). *Staroslověnština*. Praha: Státní pedagogické nakladatelství.

Τριῴδιον κατανυκτικόν, περιέχον ἅπασαν τὴν ἀνήκουσαν αὐτῷ ἀκολουθίαν τῆς ἁγίας καὶ μεγάλης τεσσαρακοστῆς, ἐν Βενετίᾳ 1856.